**ЗАПИСНИК**
**од дваесет и првата седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 26.12.2018 година**

На дваесет и првата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 18 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков-Градоначалник на општина Гевгелија, Димитар Дојчинов вработен во општината,Лилјана Кичукова вработена во општината, Станка Карајанова вработена во општината, Димитар Кречев вработен во општината , Тони Николов вработен во општината ,Кети Аврамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, Михаил Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци, Марија Костадинова директор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци, Елизабета Стоименова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија , Драгица Шутова вработена во ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија , Сузана Стефанова директор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија, Ристо Атанасовски претставник на (ФЛОРИТ)-Гевгелија, Тоше Тошев вработен во општината, Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија , Мими Стојанова директор на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија, Мира Костадинова претставник на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори дваесет и првата седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од дваесеттата седница одржана на **05.12.2018.**

Претседателот го стави на гласање записникот од дваесеттата седница и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на дваесет и првата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Буџет на општина Гевгелија за 2019 година,

2.Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година,
3.Предлог-Одлука за донесување на буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година,
4.Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2019 година,
5.Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2019 година,
6.Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2019 година,
7.Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2019 година,
8.Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година,
9.Предлог-Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2019 година,
10.Предлог-Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2019 година,
11.Предлог-Програма за третирање на бездомните животни на подрачјето на општина Гевгелија за 2019 година,
12.Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2019 година,
13.Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2019 година,
14.Предлог-Програма за комуникација и транспарентност во општина Гевгелија за 2019 година,
15.Предлог-Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2019 година,
16.Предлог-Програма за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2019 година,
17.Предлог-Одлука за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот во буџетот на општина Гевгелија за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење,
18.Предлог-Одлука за учество на општина Гевгелија во проектот за Ревитализација на патот Богородица-Стојаково, крстосница со регионалниот пат Гевгелија-Богданци 2-ра фаза,
19.Предлог-Финансов план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија по ставки и потставки за 2019 година,
20.Предлог-Финансов план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки за 2019 година,
21.Предлог-Финансов план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија по ставки и потставки за 2019 година,

22.Предлог-Финансов план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци по програми и потпрограми за 2019 година,
23.Предлог-Финансов план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2019 година,
24.Предлог-Финансов план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија по програми и потпрограми за 2019 година,
25.Предлог-Финансов план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2019 година,
26.Предлог-Финансов план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2019 година,
27.Предлог-Финансов план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2019 година,
28.Предлог-Финансов план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2019 година,
29.Предлог-Финансов план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019 година,
30.Предлог-Годишен план за работа со Предлог-Програмски буџет за спроведување на годишниот план на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2019 година,
31.Предлог-програма во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2019 година,
32.Предлог-Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2019 година,
33.Предлог-Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Гевгелија (Митко Алчинов),
34.Предлог-Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Гевгелија (Снежана Ташевски

Точките под реден број 25,26 и 28 се повлекуваат од дневен ред за понатамошна доработка.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред :

**-Андон Сарамандов член на Совет** робара појаснување зошто точките под реден број 33 и 34 не се ставени први на Дневен ред ако знаеме дека во членот 187 став 1,точка 21 од Законот за внатрешни работи пишува дека вработен во МВР не смее да застапува политичка партија .

**-Ташко Дојчинов претседател на Совет** одговори дека Советот работи по законот на Локална самоуправа, Статутот и Деловникот .Согласно Статутот обврска на претседателот на Совет е да ги стави оставките на членовите на Совет на првата наредна седница и не се појаснува како која точка туку само да бидат ставени на дневен ред и тоа е испочитувано од наша страна.Истите точки беа доставени до Комисијата за статут и прописи и Комисијата за прашања и верификација на мандати,ги разгледуваа овие оставки и немаше предлог од нивна страна за овие точки да се поместат понапред или па било каков друг предлог.

**-Зоран Лазаровски член на Совет** побара претставниците на комисиите да објаснат какво било образлагањето и гласањето по овие точки.

**- Ристо Камов член на Совет** како претседател на Комисијата за статут и прописи не видовме пречка дека има проблем од правен аспект.Пракса на

Советот е секогаш буџетот да биде прва точка .Дневниот ред го уредуваат кординаторите и претседателот на Совет и ние како комисија не најдовме забелешка од правен аспект околу распоредот на точките .

**- Перо Стојанов член на Совет** како претседател на Комисијата за прашања и верификација на мандати ние одржавме седница и не гледаме причина зошто да има промена во распоредот на точките.

**- Томе Кичуков член на Совет** смета дека според Статутот и Деловникот на општината овие советници немаат судир на интерси и постави прашање дали веќе ако си поднеле оставка на оваа седница имаат право на глас.

**-Ташко Дојчинов претседател на Совет** одговори дека мандатот на советниците престанува со констатирање на оставката и дотогаш се додека не се констатира оставката овие советници имаат право на глас .

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави дневниот ред на гласање и **Советот со 10 гласа "за", 6 "против ",и 2 "воздржани "го усвои.**

**Магдалена Делковска –член на Совет** предлага точките 1,2, 3 и 4 да се разгледуваат заедно а да се гласат поединечно ,претседателот го стави предлогот на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Буџет на општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 1,2 ,3 и 4.

Во претресот по овие точки учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината, Димитар Дојчинов вработен во општината , Ристо Камов,Ангелинка Петкова,Андон Сарамандов,Тихомир Ручкоманов,Тодор Ристов,Зоран Лазаровски,Магдалена Делковска,Марија Магдинчева Шопова членови на Совет ,Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 10 гласа "за " и 6 "против" " го усвои.**

**Точка 2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се предлага Предлог–Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија да се дополни член 19 по текстот за трето новородено дете да се одвојува по 12 000 денари да се дополни со за новородено четврто дете и секое наредно да се издвои 24 000 денари.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман и ги образложи причините зошто овој амандман не се прифаќа.

Андон Сарамандов побара поименично гласање по овој амандман.

Претседателот на Совет го стави овој амандман на поименично гласање:Митко Алчинов не е присутен,Трајко Арџанлиев за,Магдалена Делковска воздржена,Ташко Дојчинов воздржен,Ристо Ѓоргиев не е присутен,Игор Илков за,Даниела Иљкова воздржена,Елизабета Јаневски воздржана,Ристо Камов за ,Виктор Кралев воздржан,Зоран Лазаровски за ,Марија Магдинчева Шопова за ,Ангелинка Петкова за,Тодор Ристов воздржан,Тихомир Ручкоманов воздржан,Андон Сарамандов за,Перо Стојанов воздржан,Снежана Ташевски не е присутна и Томе Кичуков не е присутен.

**Советот со 7 гласа "за " , 8 "воздржани " и 4 не гласале не го усвои овој амандман.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 10 гласа "за " ,6 "против" " ја усвои.**

**Точка 3. Предлог-Одлука за донесување на буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за донесување на буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2019 година .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 5. Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2019 година**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Димитар Дојчинов вработен во општината, Зоран Лазаровски,Перо Стојанов,Тодор Ристов ,Трајко Арџанлиев,Ристо Камов ,Магдалена Аџанлиева ,Андон Сарамандов ,Ангелинка Петкова,Марија Магдинчева Шопова ,Игор Илков членови на Совет, Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЈЕО капитални расходи кој се бара да се дополни точка 2 со Започнување на изградба на место на паркирање спроти детската градинка во населено место Миравци со рок на изградба Мај 2019 година.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман и образложи дека во тек е изработка на проект за паркирање и ваквиот предлог ќе биде вметнат во изработката на програмата .

**Советот не го усвои овој амандман.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЛЛАО капитални расходи кој се бара да се дополни точка 2 со Изградба на нова спортска сала на слободниот простор до детската градинка Сончогледи ,рок април 2019 година.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман и ги образложи причините зошто овој амандман не се прифаќа.

**Советот со 6 гласа "за " , 7 "против " и 1 воздржан не го усвои овој амандман.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЈМЈМА изградба на паркови и зеленило капитални расходи кој се бара да се дополни точка 2 со Изградба на нов градски парк на местото на старото градско пазариште со рок на изведба Мај 2019 година.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман од причина што овој проект веќе е предвиден со програмата .

**Советот со 6 гласа "за " , 8 "против " и 2 воздржани не го усвои овој амандман.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЈИО кој се бара да се дополни точка 3 со Завршување на изградба на фекална канализација во Богородица со рок на изведба Април-Мај 2019 година.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман од причина што овој проект веќе е предвиден со програмата .

**Советот со 6 гласа "за " , 6 "против " и 3 воздржани не го усвои овој амандман.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЕАО кој се бара да се дополни точка 2 со Реконструкција на младински дом во Прдејци со рок на реализација Јули 2019 година.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман од причина што овој проект веќе е предвиден со програмата .

**Советот со 7 гласа "за " , 6 "против " и 3 воздржани не го усвои овој амандман.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЈИО кој се бара да се дополни точка 3 со Започнување со изградба на фекална канализација во населено место Смоквица со рок на изведба Март 2019 година.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман од причина што овој проект веќе е предвиден со програмата .

**Советот со 5 гласа "за " , 7 "против " и 2 воздржани не го усвои овој амандман.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЈИО кој се бара да се дополни точка 3 со Започнување со изградба на фекална канализација во населено место Милетково со рок на изведба Март 2019 година.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман од причина што овој проект веќе е предвиден со програмата .

**Советот со 6 гласа "за " , 8 "против " и 2 воздржани не го усвои овој амандман.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЛЛАО кој се бара да се дополни точка 2 со Изградба на мултинаменско ифралиште во село Негорци,рок на изведба Јули 2019 година.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман од причина што овој проект веќе е предвиден со програмата .

**Советот со 7 гласа "за " , 6 "против " и 3 воздржани не го усвои овој амандман.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЈИО кој се бара да се дополни точка 3 со Изградба на фекална канализација на населено место Ново Конско.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман од причина што овој проект веќе е предвиден со програмата .

**Советот со 5 гласа "за " , 7 "против " и 1 воздржани не го усвои овој амандман.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЛЛАО кој се бара да се дополни точка 2 со Изградба на детско игралиште на слободен простор до Сува река.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман од причина што овој проект веќе е предвиден со програмата .

**Советот со 7 гласа "за " , 7 "против " и 1 воздржани не го усвои овој амандман.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 10 гласа "за " и 6 против ја усвои.**

**Точка 6. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Димитар Дојчинов вработен во општината, Зоран Лазаровски,Ангелинка Петкова,Игор Илков ,Даниела Иљкова ,Андон Сарамандов ,Тодор Ристов ,Ристо Камов членови на Совет, Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЈДЈДО капитални расходи кој се бара да се дополни точка 3 со Асфалтирање на ул.Климент Охридски во Миравци ,рок на реализација Мај 2019 година.

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ го повлече овој амандман.

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЈДО кој се бара да се дополни точка 4 со Реконструкција на улиците Атанас Ѓуров и Браќа Толеви во Прдејци со рок на изведба ,Мај 2019 година.

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ го повлече овој амандман.

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЈДО кој се бара да се дополни точка 4 со Реконструкција на улицата Ѓорги Велков во Негорци со рок на изведба ,Мај 2019 година.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман од причина што ова веќе е предвидено со програмата .

**Советот со 8 гласа "за " , 8"против " и 1 воздржани не го усвои овој амандман.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЈДМ кој се бара да се дополни точка 4 со Реконструкција на дел од патот до населено место Ума со рок на изведба ,Мај 2019 година.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман од причина што ова веќе е предвидено со програмата .

**Советот со 8 гласа "за " , 7"против " и 2 воздржани не го усвои овој амандман.**

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман по оваа точка кој гласи :Се бара измена во програмата ЈДО кој се бара да се дополни точка 4 со Реконструкција на дел од патот до населено место Серменин со рок на изведба ,Мај 2019 година.

Градоначалникот како предлагач не го прифати овој амандман од причина што ова веќе е предвидено со програмата .

**Советот со 7 гласа "за " , 7"против " и 3 воздржани не го усвои овој амандман.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 10 гласа "за " и 5 против и 2 воздржани ја усвои.**

**Магдалена Делковска –член на Совет** предлага точките 7,8,9 и 17 да се разгледуваат заедно а да се гласат поединечно ,претседателот го стави предлогот на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 7. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 7,8,9 и 17.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Станка Карајанова вработен во општината, Игор Илков, член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 13 гласа "за " и 1 воздржан ја усвои.**

**Точка 8. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 7 гласа "за " ,6 против и 1 воздржан не ја усвои.**

**Точка 9. Предлог-Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 13 гласа "за " ,1 воздржан и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 10. Предлог-Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2019 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Димитар Кречев вработен во општината, Ристо Камов,Игор Илков,Тихомир Ручкоманов,Магдалена Делковска членови на Совет.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 10 гласа "за " ,4 против и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 11. Предлог-Програма за третирање на бездомните животни на подрачјето на општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програма за третирање на бездомните животни на подрачјето на општина Гевгелија за 2019 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ѓорги Гребенаков вработен во општината, Ристо Камов,Тихомир Ручкоманов,Игор Илков,Ристо Ѓоргиев,Томе Кичуков членови на Совет.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за третирање на бездомните животни на подрачјето на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 9 гласа "за " ,5 против и 2 воздржани ја усвои.**

**Точка 12. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2019 година.**

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2019 годинаи **Советот со 14 гласа "за " и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 13. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ристо Камов член на Совет,Ристо Атанасовски претставник на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2019 година**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2019 година и **Советот со 9 гласа "за " ,4 против и 1 воздржан го усвои.**

**Точка 14. Предлог-Програма за комуникација и транспарентност во општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за комуникација и транспарентност во општина Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ристо Камов член на Совет.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за комуникација и транспарентност во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 15. Предлог-Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **ТодорТошев вработен во општината, Ристо Камов,Зоран Лазаровски членови на Совет.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 10 гласа "за " и 5 против ја усвои.**

**Точка 16. Предлог-Програма за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2019 година.**

Во претресот по овие точки учествуваа: **Ристо Камов член на Совет.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 15 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 17. Предлог-Одлука за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот во буџетот на општина Гевгелија за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот во буџетот на општина Гевгелија за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење и **Советот со 14 гласа "за " и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 18. Предлог-Одлука за учество на општина Гевгелија во проектот за Ревитализација на патот Богородица-Стојаково, крстосница со регионалниот пат Гевгелија-Богданци 2-ра фаза.**

Во претресот по овие точки учествуваа: **Тони Николов вработен во општината.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за учество на општина Гевгелија во проектот за Ревитализација на патот Богородица-Стојаково, крстосница со регионалниот пат Гевгелија-Богданци 2-ра фаза и **Советот со 13 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 19. Предлог-Финансов план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија по ставки и потставки за 2019 година**.

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија по ставки и потставки за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија по ставки и потставки за 2019 година и **Советот со 14 гласа "за " го усвои.**

**Точка 20. Предлог-Финансов план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Кети Аврамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки за 2019 година и **Советот со 14 гласа "за " го усвои.**

**Точка 21. Предлог-Финансов план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија по ставки и потставки за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија со ставки и потставки за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Михаил Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија ,Томе Кичуков член на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија по ставки и потставки за 2019 година и **Советот со 13 гласа "за " и 1 против го усвои.**

**Точка 22. Предлог-Финансов план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци по програми и потпрограми за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци по програми и потпрограми за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци , Томе Кичуков член на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци по програми и потпрограми за 2019 година и **Советот со 17 гласа "за " го усвои.**

**Точка 23. Предлог-Финансов план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Марија Костадинова директор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2019 година и **Советот со 15 гласа "за " го усвои.**

**Точка 24. Предлог-Финансов план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија по програми и потпрограми за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија по програми и потпрограми за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Сузана Стефанова директор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија по програми и потпрограми за 2019 година и **Советот со 14 гласа "за " го усвои.**

**Точка 25. Предлог-Финансов план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2019 година**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Мими Стојанова директор на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија,Ристо Камов,Магдалена Делковска членови на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2019 година и **Советот со 14 гласа "за " го усвои.**

**Точка 26. Предлог-Финансов план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Елизабета Стоименова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија ,Драгица Шутова вработена во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019 година и **Советот со 14 гласа "за " го усвои.**

**Точка 27. Предлог-Годишен план за работа со Предлог-Програмски буџет за спроведување на годишниот план на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишниот план за работа со Предлог-Програмски буџет за спроведување на годишниот план на Локалната

комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Мира Костадинова претставник на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија ,Ристо Камов член на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Годишниот план за работа со Предлог-Програмски буџет за спроведување на годишниот план на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 14 гласа "за " го усвои.**

**Точка 28. Предлог-програма во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Марија Магдинчева Шопова,Магдалена Делковска ,Ристо Камов членови на Совет.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 13 гласа "за " го усвои.**

**Точка 29. Предлог-Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ристо Камов член на Совет.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 13 гласа "за " го усвои.**

**Точка 30. Предлог-Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Гевгелија (Митко Алчинов)**

Претседателот на Советот предложи да се костатира предложената оставка на советникот Митко Алчинов и ја стави на гласање и **Советот ја костатираше оставката.**

**Точка 31. Предлог-Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Гевгелија (Снежана Ташевски)**

Претседателот на Советот предложи да се костатира предложената оставка на советникот Снежана Ташевски и ја стави на гласање и **Советот ја костатираше оставката.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори дваесет и првата седница седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**